# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Функционирањето на службите за ИМП во Република Македонија е без промени во пракса повеќе од 20 години поради што се соочува со неправилности кои влијаат на остварување на загарантираното право од здравствена заштита во РМ. ИМП функционира во услови на примена на стари, амортизирани, неисправни возила за укажување на ИМП застарена опрема во возилата за ИМП како и во просториите, нецелосна кадровска екипираност на тимовите кои услови влијаат врз севкупното работење на ИМП/ЗД.

Целта на ревизијата е да се оценат причините за: разлики во функционирањето на ИМП при постојната законската регулатива и подзаконските акти, поставеноста и организацијата на ИМП во РМ, територијална покриеност на РМ со организациони единици за ИМП според број на население, тимови и нивната стручна подготвеност за укажување на ИМП, расположлива опрема и возила и нивно одржување, вложување во дејноста ИМП во ЗД, како и активностите кои надлежните институции ги преземаат со цел остварување на загарантираното право за здравствена заштита на сите граѓани во РМ.

Со ревизија опфатени се повеќе ризици кои се определени кај следните области:

- Недоречености во законските одредби во однос на унапредување на ИМП во РМ;
- Функционирање на организационите единици за ИМП во рамки на ЗД и разлики во пракса;
- Финансирање на ИМП/ЗД, трошоци во функција на ИМП и лоцирање на истите;
- Активности на надлежните институции во земјата со цел надзор и контрола над работењето на организационите единици за ИМП.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за ризиците и можностите за подобрување на исполнување на правата на граѓаните за здравствена заштита – укажување на ИМП но се од аспект на: покриеност со законска и подзаконска регулатива во областа, стратешко планирање, свесноста на надлежните институции за постојните ризици во дејноста ИМП достатноста/доволноста на средства за функционирање на ИМП во рамки на ЗД, како и опрема, кадар и возила. Останувааат отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата, а за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Периодот за кој се врши ревизијата на успешност како и други прашања поврзани со вршење на ревизијата на успешност за посочената област се дефинирани за 2008/2009 година со одредени области и прашања кои го покриваат и периодот до Ноември 2009 година. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од

# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2009 година.

Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР.

Ревизијата е извршена во периодот:

- Прелиминарни истражувања – 03 - 27.02.2009 година;
- Вршење на ревизијата и анализа на резултати – од 17.11.2009 до 26.04..2010 година;
- Изработка на Нацрт извештај – 20.05.2010 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за вршење на дејноста ИМП во рамки на ЗД. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес на сите граѓани во РМ како корисници на услугите.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.